Здружение за слободен развој на мислата
САКАМ ДА КАЖАМ
Бр. 01.
18. 05. 2017 год.
СКОПЈЕ

САКАМ ДА КАЖАМ
за слободоумни

**ПОЛИТИКА НА ИНКЛУЗИЈА НА РАЗЛИЧНОСТИ**

**Здржението „Сакам да кажам“ во секој елемент од своето работење се обидува да промовира атмосфера на прифаќање и промоција на различностите.**

**Веруваме дека почитувањето на различностите и нивната инклузија ни помага да бидеме подобри од конкуренцијата и да им овозможиме најдобри вредности на нашите читатели, колеги, соработници и бизнис партнери.**

1. Човечкиот капитал е најголемата вредност на нашата компанија и затоа ги прифаќаме и почитуваме разликите на вработените по возраст, пол, националност, семеен статус, јазик, религија, сексуална ориентација, образование, политичка припадност, социоекономски статус, физички и ментални способности што ги прават нашите вработени и соработници посебни.

2. Нашата политика на различности ја применуваме при изборот на вработените, нивниот професионален развој и разни обуки, унапредувања, исплата на бонуси, прекинување на работниот однос, како и постојаниот развој на работната средина, кој што се базира на пристојна комуникација и соработка меѓу сите вработени без разлика на позицијата, тимска работа и учество на сите вработени во проектите и секојдневните работни задачи, разумен баланс меѓу работата и приватниот живот со флексибилно работно време, согласно различните потреби на вработените.

3. Уредниците во дигиталната редакција се должни да ја имплементираат оваа политика во секојдневната работа со новинарите и соработниците и да ги применуваат начелата на политиката на фер и еднаков начин. Исто така, тие се должни да препознаат неприфатливо однесување и веднаш да преземат соодветни мерки.

4. Новинарите се должни да ја имплементираат оваа политика во секојдневната работа со колегите и со луѓето со кои соработуваат. Исто така, имаат обврска да го пријават секој сомнеж во врска со однесувањето на колегите.

**Скопје, 18 мај 2017**

**Претседателка на здружението**

**Марина Костова**

М. Костова

Здружение за слободен развој на мислата
САКАМ ДА КАЖАМ
СКОПЈЕ

**Извршен директор**

**Горан Михајловски**

Михај